Врз основа на член 16 став 2 од Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување (во понатамошниот текст: Договор)

**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,**
**како орган за врска на Република Македонија**

**и**

**Заводот за социјално осигурување,**
**како орган за врска на Република Србија**

**склучуваат**

# СПОГОДБА ЗА ПАУШАЛНО НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## ДЕЛ I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Трошоците за пружени давања во натура и за парични давања од здравственото осигурување, меѓусебно се надоместуваат со плаќање на месечен паушален износ, по осигурено лице, за секоја календарска година.

(2) Под парични давања од став 1 од овој член, се подразбираат трошоците за превоз настанати во врска со користењето на правото на здравствена заштита од здравственото осигурување.

### Член 2

(1) Трошоците од членот 1 од оваа Спогодба се надоместуваат со плаќање на паушален износ за :

1. лица од член 12 став 1 точка 1) од Договорот, како и за членовите на нивните семејства, и
2. корисници на пензија од член 14 став 2 од Договорот, како и за членовите на нивните семејства.

(2) Трошоците за лицата од став 1 од овој член се надоместуваат во вид на месечен паушален износ по осигурено лице, за секој месец во кој лицето имало право на давања.

(3) Органот за врска/надлежниот носител, ги надоместува трошоците на носителот кој ги пружил давањата на лицата од став 1 на овој член.

(4) Обемот и видот на давањата се одредува според правните прописи кои ги применува носителот на осигурување на државата договорничка на чија територија лицето од став 1 од овој член има живеалиште.

(5) Правото на давање, траењето на правото и кругот на членови на семејство кои имаат право на давање, се одредува според правните прописи кои ги применува надлежниот носител.

## ДЕЛ II
## УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПАУШАЛНИОТ НАДОМЕСТОК

### Член 3

(1) Органите за врска утврдуваат месечен паушален износ за секоја календарска година на основа службените статистички податоци, и тоа со делење на:

- вкупните трошоци за давања од член 1 од оваа Спогодба пружени на сите осигурени лица кои имале право на тие давања во текот на календарската година за која се утврдува висината на месечниот паушален износ, со
- бројот на осигурени лица на 31 декември во годината за која се утврдува висината на месечниот паушален износ.

(2) Добиениот износ од став 1 од овој член се дели со 12 и се намалува за 3% по основ на користење давања на лицата од член 2 став 1 од оваа Спогодба за време на нивниот привремен престој на територијата на државата договорничка на надлежниот носител.

(3) Добиениот износ утврден согласно одредбите на став 1 и 2 од овој член претставува месечен паушален износ по осигурено лице за календарската година за која се врши пресметувањето.

### Член 4

(1) Предложениот месечен паушален износ и службените статистички податоци на основа на кои истиот е пресметан, органите за врска ги разменуваат по правило до 31 мај тековната година за претходната календарска година.

(2) Износот од став 1 од овој член се искажува во националната валута на државата договорничка во која трошокот настанал, пресметан во ЕУР според средниот курс на централната банка на денот на доставување на предлогот.

(3) Органите за врска во рок од три месеци од денот на приемот на документацијата од став 1 од овој член ќе ги усогласат месечните паушални износи, по писмен пат.

(4) Носителот кој ги пружил давањата доставува до надлежниот носител, преку органот за врска, по правило до 31 мај тековната година, на основа на обрасци РМ/СРБ 127, односно СРБ/РМ 127 (во два примерока), списоци на осигурени лица кои имале право на давања во претходната година, и тоа посебно за членови на семејство на активни осигуреници и посебно за корисници на пензија и нивни членови на семејство поделени по подрачни служби, односно по организациони единици, на надлежниот носител.

(5) Списоци на осигурени лица кои имале право на давања, а кои не се доставени во рокот од став 4 од овој член, се доставуваат со пресметката за наредната календарска година, посебно за секоја година за која се бара надоместок на трошоците, со ознака: "дополнителна пресметка".

(6) Месечните паушални износи по основ на дополнителна пресметка од став 5 од овој член, може да се побаруваат за најмногу пет години наназад, при што се пресметува и годината за кој се врши тековната пресметка за надоместок на паушалните трошоци.

(7) Рекламациите на пресметките од став 4 и 5 од овој член надлежниот носител, преку органот за врска, ги доставува до носителот кој ги пружил давањата најкасно во рок од шест месеци од денот на прием на обрасците, односно списоците.

(8) Во случај носителот кој ги пружил давањата на примените рекламации од став 7 од овој член, преку органот за врска, не одговори во рок од шест месеци од денот на приемот, рекламациите ќе се сметаат за прифатени.

## ДЕЛ III
## НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ

### Член 5

(1) Вкупниот паушален износ кој се утврдува за секоја календарска година претставува производ на месечниот паушален износ од член 3 став 3 од оваа Спогодба и вкупниот број на паушални месеци утврден на основа на податоците од доставените обрасци РМ/СРБ 127, односно СРБ/РМ 127.

(2) Календарскиот месец во кој почнува да тече правото на давања во натура се пресметува во целост.

(3) Месецот во кој престанува правото на давања во натура се пресметува само доколку правото престанува на последниот ден во месецот.

(4) Надлежниот носител е обврзан да го извести носителот во местото на живеење за престанокот на правото на давања во натура за осигуреното лице, во рок од 30 дена по престанокот на правото.

(5) Во случај надлежниот носител известувањето за престанокот на правото на давања во натура го испрати по истекот на 30 дена од престанокот на правото, за пресметување на бројот на паушални месеци наместо датумот на престанокот на правото на давања во натура меродавен е датумот на испраќањето на известувањето по пошта, под услов да не постоело право на давања во натура според прописите на државата на носителот на местото на живеење.

(6) Како исклучок од ставот 5 на овој член, како датум на престанок на правото на давања во натура, се зема:

а) датумот на смртта;

б) датумот на почетокот на правото на давања во натура според правните прописи кои ги применува носителот на државата во местото на живеење и

в) датумот кога носителот на државата во местото на живеење дознал за некоја друга околност која влијаела на престанокот на правото на давања во натура, и за истото го известил надлежниот носител.

### Член 6

(1) Органот за врска/надлежниот носител на едната држава договорничка, најдоцна во рок од шест месеци по приемот на документацијата од член 4 став 1 и 4 од оваа Спогодба треба да ги уплати неспорните паушални износи на органот за врска/надлежниот носител на другата држава договорничка.

(2) Плаќањето на став 1 од овој член се врши во ЕУР.

**Член 7**

(1) За сите побарувања по основ дополнителна пресметка за претходни години, во врска со член 4 став 5 и 6 од оваа Спогодба, се применува месечениот паушалнен износ утврден за календарската година за која дополнителната пресметка се однесува.

(2) Одредбите од член 6 од оваа Спогодба се применуваат и на побарувањата од став 1 од овој член.

## ДЕЛ IV
## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

(1) Оваа Спогодба се заклучува на неодредено време.

(2) Оваа Спогодба може спогодбено да се менува и дополнува.

(3) Оваа Спогодба може да се откаже по писмен пат, со последниот ден на тековната година, при што отказниот рок не може да биде пократок од 60 дена од денот на приемот на известувањето за откажувањето.

**Член 9**

Оваа Спогодба стапува во сила со денот на потпишувањето, а ќе се применува со пресметувањето на паушалниот надоместок за трошоците за давања за 2012 година.

Составена во Скопје, на ден 14 октомври 2011 година, во два оригинални примероци, секој на македонски јазик и на српски јазик при што двата текста се автентични.

| **Фонд за здравствено осигурување на Македонија** | **Завод за социјално осигурување** |
| --- | --- |
| Аритон Фида | Зоран Пановиќ |